Република Македонија

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

---

# ПРЕДЛОГ - ЗАКОН ЗА ВАУЧЕРИ ЗА ИНОВАЦИЈА

**Скопје,**
**мај, 2012 година**

ВОВЕД:

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Предлогот за донесување Закон за издавање ваучери за иновација се настојува да се поттикнат претпријатијата во Република Македонија да применуваат иновативни решенија, трансфер на знаење и технологии со кои ќе се зголеми дodadената вредност на производите и услугите кои тие ги произведуваат, преку финансиско олеснување, односно субвенционирање на советодавните/експертските услуги во насока зголемување на конкурентноста на пазарот.

Со овој Предлог-закон исто така се настојува да се зголеми степенот на информираност на претпријатијата и физичките лица-иноватори, како и градење на нови односи и поврзување помеѓу претпријатијата и образовно истражувачките институции и/или советниците/експертите.

Со финансиската поддршка која ја овозможува овој закон, се очекува регулирање на процесите на потикнување на развојот на малите и средни претпријатија, промоција на претприемништвото, зголемување на конкурентноста на домашните производи и услуги, односно подобрување на конкурентноста на македонските претпријатија.

Во овој контекст, Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија, повикувајќи се на заклучок од Триесет и третата седница на Влада на Република Македонија, одржана на 13.12.2011 година, во соработка со работна група во состав со претставници од Министерство за економија, Министерство за образование и наука и Кабинет на ЗПВРМ задолжен за економски прашања, подготви текст на Предлог закон за издавање на ваучери, во кој се разработени критериумите, процедурите и условите за право на аплицирање и критериумите според кои ќе се врши селекција на апликантите.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целта на предложениот закон е финансиско олеснување на правните и физичките лица – иноватори за примена на иновативни решенија или трансфер на знаење и технологии со кои ќе ја зголемат вредноста на производите и услугите кои тие ги произведуваат.

Начелата на кои се темели овој закон се еднаквост и транспарентност при спроведување на постапката за издавање на ваучери за иновација.

Предложените одредби во Предлог законот ги содржат следните решенија:

- поединечен финансиски надоместок за едно претпријатие не повеќе од 5.000 евра во денарска противвредност во тековната година

сметано по курсот на Народна Банка на Република Македонија на денот на исплатата.

- временска ограниченост на финансиската подршка за период од три години (2013, 2014 и 2015 година) и
- стриктно утврдена постапка за доделување и исплата на ваучерите за иновација.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Бидејќи со Предлогот за донесување Закон за издавање ваучери за иновација, се предвидува директно финансиско олеснување т.е растеретување од обврската за уплата на одреден паричен износ, заради користење на соодветни советодавни/експертски услуги, истиот предизвикува фискални импликации врз Буџетот на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија за 2013, 2014 и 2015 година.

IV. ПРОЦЕНКА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За имплементација на одредбите од Предлогот за донесување Закон за издавање ваучери за иновација е предвиден вкупен износ од 18.000.000,00 денари, за временски период 2013, 2014 и 2015 година.
Средствата е предвидено да бидат обезбедени од Буџетот на Министерството за економија наменети за Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија.

# ПРЕДЛОГ- ЗАКОН
# ЗА ВАУЧЕРИ ЗА ИНОВАЦИЈА

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој закон се уредува начинот на издавање и користење на ваучери за иновација и други прашања во врска со ваучери за иновација.

### Член 2

Основна цел на овој закон е поттикнување на микро, мали и средни , како и физички лица – иноватори во Република Македонија (во натамошниот текст корисници на ваучери за иновација) да применуваат иновативни решенија, трансфер на знаење и технологии со кои ќе се зголеми вредноста на производите и услугите кои тие ги произведуваат како и преку развој на нов производ или услуга и подобрување на производствениот процес можат да реализираат одреден иновативен проект.

### Член 3

Ваучер за иновација во смисла на овој закон е трипартитен Договор помеѓу следните учесници: Корисникот на применетото иновативно решение, Изведувачот на применетото иновативно решение и Фондацијата.

## НАЧИН НА ИЗДАВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ВАУЧЕРИ ЗА ИНОВАЦИЈА

### Член 4

Со ваучери за иновации се поддржуваат корисниците на ваучери за иновација за примена на иновативни решенија во:

- развој на нов производ/дизајн;
- нов или подобрен производствен процес;
- развој на нова услуга;
- подобрување на логистички синџири и системи;
- развој на нов бизнис модел или стратегија;
- експериментално тестирање/мерење;
- управување со квалитет според европски / светски стандарди и
- заштита на правата од индустриска / интелектуална сопственост, и
- други подрачја утврдени со закон.

Член 5

Утврдувањето на видот и обемот на примената на иновативните решенија корисниците на ваучерот за иновација ќе го утврдат во барањето за добивање ваучери за иновации со посебен прилог материјал – понуда за примената на иновативното решение.

Формата и содржината на барањето од став 1 на овој член ги пропишува министерот за економија.

Член 6

Корисниците на ваучери за иновација микро, мали и средни претпријатија треба да ги исполнуваат следните услови:

- претпријатието да е регистрирано според Законот за трговски друштва;
- претпријатието да ја обавува својата дејност во Република Македонија;
- претпријатието да не е во стечајна постапка или ликвидација;
- претпријатието да спаѓа во групата на микро, мали и средни претпријатија;
- корисникот за примената на соодветното иновативно решение наведено во барањето не треба да е корисник на средства од буџетот на Република Македонија и од буџетите на единиците на локалната самоуправа или средства од финансиски и други меѓународни организации и институции;
- претпријатието корисник на ваучерот за иновација, да ги прикаже/претстави очекуваните цели од проектот за изведување на примената на иновативното решение во вид на ефекти врз зголемување на конкурентноста на претпријатието, и
- претпријатието да даде изјава за обезбедување на дополнителни сопствени средства за затварање на финасиската конструкција на проектот наведен во апликацијата.

Член 7

Корисниците за ваучери за иновација физички лица-иноватори треба да ги исполнуваат следните услови:

- да е државјанин на Република Македонија,
- да обавува активности во функција на технолошкиот развој,
- за примената на иновативното решение наведено во барањето не треба да е корисник на средства од буџетот на Република Македонија и од буџетите на единиците на локалната самоуправа или средства од финансиски и други меѓународни организации и институции;

- да ги прикаже/претстави очекуваните цели од проектот за примената на иновативното решение во вид на ефекти врз зголемување на конкурентноста;
- да даде изјава за обезбедување на дополнителни сопствени средства за затварање на финасиската конструкција на проектот наведен во барањето;
- да обезбеди согласност за примена на иновативното решение во конкретно претпријатие;
- да достави рецензија, односно експертиза од соодветни научно истражувачки и образовни институции  во врска со иновативното решение наведено во барањето;

Член 8

За добивање на ваучер за иновација корисниците на ваучерот за иновација покрај исполнување на условите утврдени во член 6 и 7 од овој закон, треба да бидат оценети согласно  следните критериуми:

1) Потреба на пазарот:
   - Иновацијата треба да задоволува/ потреба на пазарот.
2) Ниво/степен на придобивки:
   - Во обезбедување на материјални придобивки за индустријата и другите крајни корисници;
   - Потенцијалот за привлекување на дополнителни инвестиции во таа област;
   - Економски придобивки;
   - Социјални придобивки и
   - Придобивки на квалитетот на животната средина.
3) Способност за реализација:
   - Издржан план за  искористување на средствата во правец на реализирање на идејата/иновацијата.
4) Капацитет:
   - Вработени со соодветни квалификации, вештини и искуства.
5) Соработка:
   - Заедничка идеја на повеќе претпријатија;
   - Соработка помеѓу иноватор и претпријатие и
   - Соработка помеѓу истражувачки центри и претпријатија.
6) Конкурентна предност:
   - Помала цена на производот/услугата од конкурентите;
   - Подобри карактеристики на производот/услугата од конкурентите и
   - Единствено во Република Македонија .

7) Одржливост:

- Издржан план за понатамошна одржливост на иновацијата.

## УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТ НА ВАУЧЕР ЗА ИНОВАЦИЈА И ИЗВОРИ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

### Член 9

Вредноста на ваучерот за иновација се утврдува како производ од бројот на потребните часови за примена на иновативното решение и номиналната вредност на часот, која се определува од страна на Министерството за економија секоја година одделно.

Вредноста на ваучерот за иновација за примена на иновативното решение за еден корисник, може да изнесува до 5 000 евра во денарска противвредност во тековната година сметано по курсот на Народна Банка на Република Македонија на денот на исплатата.

Во случај кога корисникот на ваучерот за иновација за примена на иновативното решение користи надворешни експерти, вредноста на ваучерот може да изнесува до 80% од нето вредноста на фактурата (без ДДВ), но не повеќе од 5 000 евра во денарска противвредност во тековната година сметано по курсот на Народна Банка на Република Македонија на денот на исплатата.

### Член 10

Средствата за издавање на ваучерите за иновации се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

## АПЛИЦИРАЊЕ, СЕЛЕКЦИЈА И ИЗБОР

### Член 11

Потенцијалните корисници на ваучер за иновации пополнуваат барање кое содржи задолжителни податоци за условите и критериумите од член 6, 7 и 8 од овој закон, како и изјава со која ја потврдува веродостојноста на наведените податоци.

Формата и содржината на барањето од став 1 на овој член ги пропишува министерот за економија.

Барањата од став 1 на овој член се доставуваат до Фондациите за поддршка на претприемништвото и малото стопанство (во понатамошниот текст: Фондации), со кои Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија има воспоставено соработка.

Во случај на непостоење на соодветна Фондација во одреден регион, нејзината улога ја превзема Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија.

Фондацијата проверува дали се исполнети условите наведени во барањето и оние барања кои ги исполнуваат условите, ги доставува до Владата на Република Македонија.

Член 12

За евалуација на барањата за ваучери за иновација Владата на Република Македонија на предлог на Националниот совет за претприемништво и конкурентност, формира комисија за евалуација составена од стручни лица.

Комисијата од став 1 на овој член евалуацијата на барањата ја врши согласно Методологија за оценка на исполнетоста на критериумите за добивање на ваучери за иновација.

Формата и содржината на методологијата од став 2 на овој член ја пропишува министерот за економија.

Комисијата од став 1 на овој член при оценка на критериумите може да побара совети од стручни лица/експерти во полето на предметот на барањето.

Комисијата за евалуација на барањето по извршена евалуација изготвува Извештај со преглед на одобрени и одбиени барања и го доставува до Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија за понатамошно спроведување на постапката за издавање и реализација на ваучерите за иновација.

На одлуката на комисијата, барателот може да поднесе жалба во рок од 15 дена до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

ИЗДАВАЊЕ НА ВАУЧЕРИ ЗА ИНОВАЦИЈА

Член 13

По добивањето на официјален извештај кои кандидати се прифатени од страна на Комисијата за евалуација, Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија ги распределува одобрените апликации на соодветни Фондации согласно регионалната покриеност.

Ваучерите за иновација се издаваат во форма на трипартитен Договор помеѓу следните учесници: Корисникот на применетото иновативно решение, Изведувачот на применетото иновативно решение и Фондацијата.

Ваучерите за иновација ги издава Фондацијата во име и за сметка на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија.

Формата и содржината на ваучерот за иновација, од став 2 на овој член ги пропишува министерот за економија.

Член 14

Корисниците на ваучерот за иновација пред добивањето на ваучерот за иновација во Фондацијата се должни да потпишат Спогодба за вклучување во проектот и да го потпишат образецот – Понуда за советување.

Формата и содржината на образецот, од став 1 од овој член ги пропишува министерот за економија.

Член 15

Овластеното лице од Фондацијата одговорно за издавањето на ваучерите за иновација е должно во образецот ваучер за иновација да ги впише: називот, даночниот и матичниот број на корисникот на услугите; број и датум на склучена спогодба; подрачјето на советување; име и презиме и фирма на советникот; и датум на издавање на ваучерот за иновација. Бројот на ваучерот автоматски го генерира компјутерската апликација - менаџмент информативен систем (МИС) кој го обезбедува Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија и кој претставува компјутерски инструмент за поддршка на процесот на сервисирање на ваучери за иновација.

При издавање на ваучерите, Фондациите се должни да ја користат компјутерската апликација, наведена во став 1 од овој член, за која Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија има обврска да им обезбеди пристап.

Член 16

Ваучерите за иновација се издаваат еднократно за примена на иновативни решенија во подрачјата наведени во член 4 од овој закон.

Издадените ваучери за иновација не може да се пренесат на други корисници.

ИСПЛАТА НА СУБВЕНЦИЈА

Член 17

Исплатата по издадените ваучери се врши од страна на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија.

Исплатата на средствата на корисниците на ваучери за иновација, се врши врз основа на следните обрасци: оригинален образец на ваучер за иновација потпишан од учесниците наведени во член 14, став 2 од овој закон; барање за субвенција од страна на корисниците на ваучери за иновации; фотокопија од фактура на изведувачот на примената на иновативното

решение во случај кога претпријатиeто користи надворешни експерти; фотокопија на документ како доказ за извршено плаќање на фактурата; оригинален извештај од изведувачот на применетото иновативно решение и оригинален извештај од корисникот на ваучерот за иновација.

Член 18

Ваучерите за иновација се користат како средство за наплата на субвенцијата врз основа на реализирани услуги за примена на иновативното решение. Важноста на издадениот ваучер е 180 дена од денот на издавањето.

Корисниците на ваучерите за иновација, ваучерите за иновација ги доставуваат до Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија најдоцна до денот на истекувањето на важноста на ваучерот.

## НАДЗОР

Член 19

Надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон и наменското користење на ваучерите за иновации врши Министерството за економија.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 20

Подзаконските прописи предвидени со овој закон ќе се донесат најдоцна во рок од 90 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 21

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 2013 година.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ
НА ПРЕДЛОГОТ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ЗАКОН ЗА ИЗДАВАЊЕ НА
ВАУЧЕРИ ЗА ИНОВАЦИЈА

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Предложениот закон е во насока да се поттикнуваат претпријатијата и физичките лица-иноватори во Република Македонија да применуваат иновативни решенија, трансфер на знаење и технологии со кои ќе се зголеми додадената вредност на производите и услугите кои тие ги произведуваат, преку финансиско олеснување, односно субвенционирање на советодавните/експертските услуги во насока зголемување на конкурентноста на пазарот.

Со членот 1 е уредено прашањето што е предмет на Законот. Наведено е дека со овој закон се уредуваат начинот на издавање и користење на ваучерите за иновација.

Со членот 2 точно е определена целта на овој Закон.

Со членот 3 е дефинирано што претставува ваучерот за иновација.

Со членот 4 и 5 се дефинирани начинот на издавање и користење на ваучери за иновации.

Со членовите 6, и 7 се утврдат условите за аплицирање на ваучери за иновации.

Со членот 8 се утврдени критериумите според кои ќе бидат оценети апликациите на претпријатијата кои претходно ги исполниле условите дефинирани во член 4.

Со членовите 9 и 10 се уредени вредноста на ваучерот и изворите на финансиски средства.

Со членовите 11, и 12 се утврдуваат постапката за аплицирање, селекција и избор на апликациите. Формата и содржината на образецот – барање го пропишува Министерот за економија.

Со членовите 13, 14, 15 и 16 е утврдена постапката за издавање на ваучери. Образецот на ваучерот за иновација и образецот спогодба за вклучување во проектот ги пропишува Министерот за економија.

Со членовите 17 и 18 е уреден начинот на исплата на средствата на корисниците на советодавните услуги.

Со членовите 19, 20, и 21 се предвидени одредби со кои се регулираат прашањата на ефективна примена на законот, вршењето на надзор над примена на законот, како и влегувањето во сила на истиот.